РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 3598/4
24-02-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 46 – та седница одржана на ден 12.02.2021 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето --------, претседател на Апелационен суд --------, бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-3438/1 од 05.07.2019 година.

Предметот со број 09-3438/1 од 05.07.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-3438/1 од 05.07.2019 година е оформен по поднесена анонимна пријава против лицето -----------, претседател на ------------- Битола, со наводи дека при крајот на 2018 година во овој суд бил распишан оглас за вработување и биле вработени две лица: ---------- и -------------, блиски лица на еден судија од Основен суд ----------- и Виш јавен обвинител од --------------.

Исто така, пријавителот укажува и на тоа дека судијата ---------- од Апелационен суд ---------не пријавила промена на имотната состојба, а нејзиниот сопруг во текот на 2017 година со договор за купопродажба купил куќа во с. Буково.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија се обрати до ----------- Битола во однос на тоа дали лицата ---------- и ------------- се вработени во овој суд, по што ДКСК беше известена дека истите не се вработени во оваа институција.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На седницата одржана на ден 12.02.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против лицето ----------, претседател на Апелационен суд ---------, бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата.

Во однос на наводите од пријавата против судијата ---------, ДКСК ќе изврши проверка во базата на податоци за поднесени анкетни листови и изјави за интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., советник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК